На ден 23.03.2010 година во салата на Град Скопје со почеток во 15:15 часот се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијанието врз животната средина на проектот “Жичара Скопје - Водно”.

Присутни:

- **Зоран Бошев,** раководител на одделението за оцена на влијание врз животната средина во Министерството за животна средина и просторно планирање

- **Биљана Спироска,** советник за оцена на влијание врз животната средина во Министерството за животна средина и просторно планирање

- **М-р Магдалена Трајковска Трпевска,** експерт – водич на тимот за оцена на влијание врз животната средина на изработувачот на студијата -Технолаб

- **Цветанка Икономова - Мартиновска,** раководител на секторот за животна средина во Град Скопје

- **Владимир Соколов,** претставник на инвеститорот-Министерство за транспорт и врски

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**Отварање и вовед**

1.Јавната расправа ја отвори Зоран Бошев, раководител на Одделението за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање.

2.По отварањето на истата, Г-ѓа Цветанка Икономова, ги поздрави присутните, го поддржа проектот и искажа задоволство поради ваков проект со чија реализација ќе се намали загадувањето на воздухот на Водно.

3. М-р Магдалена Трајковска Трпевска изврши презентација на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот “Жичара Скопје - Водно”. Истата е изготвена согласно важечкиот Правилник, а заклучоците на истата се следни:

▪ Генерален заклучок е дека овој проект нема да доведе до значително нарушување на квалитетот на животната средина, со негова изградба и инсталирање на предвидената опрема како и со целосно имплементирање на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и планот за непредвидени незгоди.

▪ Негативни влијанија се очекуваат главно во фазата на изградба и тоа краткорочно и локално. Со доследна примена на мерките за намалување на влијанијата се очекува влијанијата да бидат во голема мера неутрализирани.

▪ Изградбата на жичарата ќе има позитивни влијанија врз социо-економскиот развој на Општините Центар, Карпош и Градот Скопје и пошироко заради:

- можноста за максимално искористување на предностите кои ги нуди атрактивноста на Парк шумата Водно и Милениумскиот крст,

- развој на туризмот, со истовремено обезбедуваwe на услови за заштита на животната средина Изградбата

- на жичарата ќе има долгорочно позитивно влијание врз животната средина и човековото здравје (зголемување на можноста за рекреација на населението, смалување на фрекфенција на возилата кои сега се користат како превоз за посета на Водно).

По завршувањето на презентацијата г-дин Бошев отвори дискусија.

*- Новинар на АЛФА ТВ праша колку дрва ќе се исечат и зошто е почната работата на терен а потоа се разгледува студијата.*

**Одговор -Г-ѓа Трпевска**- со реализација на овој проект ќе се исечат околу 0,1 до 0,2 % од вкупната дрвна маса на Водно, додека проф.Николов од Шумарски факултет истот така еден од тимот на изговувачи на студијата истакна дека во ниедна студија на светот не се бројат дрвата туку се пресметува во дрвна маса. Сите изведувачки работи ќе се вршат под надзор на Паркови и Зеленило.Г-дин Бошев кажа дека за сечата не може моменталната да даде одговор, може писмено да се побара и да се достави одговор од страна на надлежниот инспекторат.

*- Петар Бошевски од ЕД Еко-Мисија го постави истото прашање за сечата, второ прашање дали во почнатото преоценување одн. ревалоризација на природните вредности е вклучено и Водно и трето дали ќе се забрани сообраќајот на Водно.*

**Одговор: Бошев-** во одлуката за прогласување на парк-шумата Водно се забранува градба освен на јавни објекти, а бидејки жичарата е јавен објект нема законски пречки за изградба на истата. Жичарата треба прво да се изгради за да има основ за барање на забрана на сообраќајот, а исто така и Водно ќе биде вклучено во ревалоризацијата на природните вредности.. И г-ѓа Икономова со истиот одговор дека овој проект ќе биде одлична можност за барање на забрана на сообраќајот.Градот Скопје има изработено студии кои како иницијатива за ревалоризација ќе бидат доставени до МЖСПП.

*-проф.Иван Блинков од Шумарски факултет како граѓанин го поддржа проектот, меѓутоа од стручен аспект има неколку забелешки и сугестии во однос на должина на студијата, употребени термини, работи кои смета дека треба да се дополнат и преработат, одредени прашања и истите писмено ќе ги достави на разгледување во Одделението за ОВЖС во МЖСПП.*

**Одговор: Бошев**-сите конструктивни и издржани забелешки по разгледување од страна на тим на МЖСПП ќе се земат предвид.

Проф. Николов одговори само на едно поставено прашање на Блинков, во однос на евентуални пожари дека производителот на жичарата ги дава сите карактеристики за работа на истата и дава упатства и мерки за спречување на пожари.

*-Блашко Митковски и Петар Бошевски од ЕД Еко-Мисија поставија прашање во однос на претпоставен зголемениот број на посетители дали за нив ќе има доволно вода и санитарни јазли.*

**Одговор: Бошев**-денешната Јавна расправа се однесува за проектот Жичара

Скопје – Водно, односно Студијата за ОВЖС.

*- Методија Велевски од Македонско Еколошко друштво, го објасни терминот кумулативен ефект врз животната средина што не е опфатен во нашите законски прописи за изработка на студии, праша за електичните водови на што му се одговори дека ќе бидат подземни со што беше задоволен. Потенцираше на одредени пропусти на конкретни податоци за Водно за видови птици и друго, и истите ќе ги достави по писмен пат.*

**Одговор: Бошев**-повтоно одговори дека сите конструктивни и издржани забелешки по разгледување од страна на тим на МЖСПП ќе се земат предвид.

*- Петар Бошевски од ЕД Еко-Мисија повторно инсистираше дека кумулативниот ефект треба да се земе во предвид и праша каде тоа тие како Еколошко друштво треба да ги доставаат овиа нивна препорака.*

**Одговор:Бошев-** може да се достави до МЖСПП. Г-ѓа Трпевска одговори дека со спроведување на мониторинг планот, кој е опфатен со Студијата, ќе има можност да се согледаат кумулативните влијанија врз животната средина во фазата на работа на жичарата и да се превземат соодветни мерки и доколку е потребно новите состојби ќе бидат предмет на ревалоризација.

Јавната расправа заврши во 17-10 часот.

Записничари: Снежана Ѓорѓиева, Дијана Соколовска

Листа на присутни од јавната расправа